Врз основа на Одлуката на Народна банка на Република Македонија за објавување податоци и извештаи од страна на банката (Сл. Весник на РМ, бр. 134/2007), Капитал банка АД Скопје објавува:

# ИЗВЕШТАИ И ПОДАТОЦИ
## на ден 30 Јуни 2013 год.

Содржина:

1. Податоци за Банката,
2. Податоци за акционерската структура на Банката-акционери со квалификува-но учество,
3. Податоци за сопствените средства и за адекватноста на капиталот на Банката,
4. Податоци за процесот на управување со ризиците со состојба на 31.12.2012 г.

| 1. Податоци за банката | |
|---|---|
| Назив | КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје |
| Седиште | Ул. Филип Втори Македонски бр. 3, 1000 Скопје |
| Матичен број | 5111056 |
| Даночен број | 4030996254241 |
| Контакт | Тел. 389 2 311 91 91, 389 2 310 25 00<br>факс. 389 2 311 28 30 |
| Број на вработени на 30.06.2013 | 73 |
| Број на вработени преку лизинг на 30.06.2013 | 4 |
| Организациска структура | Организациона шема |
| Преглед на финансиски активности кои банката може да ги врши согласно со дозволата за основање и работење издадена од гувернерот на НБРМ: | - Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;<br>- Кредитирање во земјата, вклучувајчи и факторинг и финасирање на комерцијални трансакции;<br>- Издавање и администрирање на на платежни средства(парични картички, чекови, патнички чекови, меници);<br>- Финансиски лизинг;<br>- Менувачки работи;<br>- Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>- Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>- Изнајмување сефови, остава и депо;<br>- Тргување со инструменти на пазарот на пари(меници, чекови, сертификати за депозит);<br>- Тргување со хартии од вредност во земјата; |

| | |
|---|---|
| | - Посредување во продажба на полиси за осигурување;<br>- Посредување во склучување за договори за кредити и заеми;<br>- Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и<br>- Економско- финансиски консалтинг. |
| Преглед на финансиски активности кои банката во моментот ги врши: | - Прибирање на депозити и други повратни извори на средства,<br>- Кредитирање во земјата, вклучувајчи и факторинг и финасирање на комерцијални трансакции ,<br>- Издавање и администрирање на на платежни средства(парични картички, чекови, патнички чекови, меници) ,<br>- Менувачки работи ,<br>- Платен промет во земјата и странство, вклучувачјќи купопродажба на девизи ,<br>- Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување,<br>- Тргување со инструменти на пазарот на пари(меници, чекови, сертификати за депозит),<br>- Тргување со хартии од вредност во земјата,<br>- Посредување во склучување за договори за кредити и заеми ,<br>- Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и<br>- Економско- финансиски консалтинг |
| Преглед за финансиски активности за кои, од страна на гувернерот на НБРМ, е изречена забрана или ограничување за нивното вршење, односно е повлечена согласноста | нема |
| **2. Податоци за акционерска структура на Банката** | |
| 2.1.Акционери со квалификувано учество | |
| Назив на акционерот, седиште, правна форма, претежна дејност и процент на учество во вкупниот број акции | Алфа Финасиски Холдинг<br>Ул. Шеиново бр. 7, Софија 1504<br>Акционерско друштво<br>Финансиски услуги, недвижности и индустриски минерали<br>96,63% |
| 2.2.Акционери без квалификувано учество | |
| Вкупен број акционери кои немаат квалификувано учество во вкупниот број акции | 3<br>3,37 |
| **3. Податоци за сопствените средства и за адекватноста на капиталот на Банката** | |
| Износот на почетен капитал кој е запишан во Централен регистар | 892.370.745 денари |

| | |
|---|---|
| Бројот на акции од секој род и класа, како и номинален износ на акциите | Обични акции со право на глас 28.742<br>Номинална вредност на акција 31.047 денари |
| Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствени средства | Сопствените средства на Банката претставуваат збир на основен капитал и дополнителен капитал.<br>При утврдување на износот на сопствените средства, Банката ги почитува следните ограничувања:<br>- дополнителниот капитал не смее да биде поголем од износот на основниот капитал на Банката;<br>- збирот на износот на кумулативните приоритетни акции и на субординираните инструменти коишто се дел од дополнителниот капитал не смее да надмине 50% од износот на основниот капитал.<br><br><u>1. Основен капитал</u><br><br>Позициите кои се дел од основниот капитал, ги исполнуваат следните услови:<br>- безусловно се неповратни, односно немаат рок на достасување и не содржат клаузули или друг вид одредби коишто даваат можност за откупување, повлекување или исплата;<br>- исплатата на дивиденда се врши само по исплата на сите правни и договорни обврски на банката и позициите не се оптоварени со задолжителна обврска за банката за редовна исплата на дивиденда;<br>- во целост и веднаш се на располагање за покривање на ризиците и загубите за време на работењето на Банката;<br>- во целост и неограничено се расположливи за покривање на обврските на банката кон нејзините доверители во случај на стечај, односно ликвидација на Банката.<br><br>Во основниот капитал на Банката се вклучени следниве позиции:<br>- номиналната вредност на запишаните и уплатени обични акции,<br>- акумулираната загуба од претходни години и<br>- загуба на крајот на годината и нематеријалните средства како одбитни ставки од основниот капитал.<br><br><u>2. Дополнителен капитал</u><br><br>Во дополнителниот капитал на Банката се вклучуени следниве позиции:<br>- ревалоризациска резерва и тоа 80% од нереализирана добивка од ревалоризација на сопственичките хартии од вредност кои се расположливи за продажба и мерени по објективна вредност.<br>- субординирани инструменти издадени од страна на Банката, кои ги исполнуваат следните услови:<br>∗ настанати се со паричен прилив во банката,<br>∗ не се покриени со друг вид обезбедување од страна на Банката или лице поврзано со банката,<br>∗ содржат клаузула за субординација, односно клаузула според која во случај на стечај или на ликвидација на Банката, овие обврски ќе бидат исплатени пред намирувањето на обврските кон |

| | |
|---|---|
| | акционерите на Банката, но по намирувањето на обврските кон останатите доверители,<br>* имаат рок на достасување подолг од пет години и еден ден од датумот на настанатиот прилив на парични средства во Банката врз основа на овие инструменти,<br>* не можат да бидат исплатени или откупени од страна на Банката пред рокот на достасување, освен во случај на нивно претворање во обични или некумулативни приоритетни акции или во хибридни инструменти кај Банката и можат да се користат за покривање на загубите во случај на стечај или ликвидација на Банката,<br>* не предвидуваат исплата на камата или друг вид принос којшто сериозно може да ја загрози профитабилната позиција на Банката,<br>* не се користат како обезбедување на побарувањата и потенцијалните обврски на Банката и субординираниот инструмент нема третман на депозит (штеден влог) и<br>* не е предмет на осигурување од страна на Фондот за осигурување на депозити.<br>При пресметката на сопствените средства на Банката во текот на последните пет години до рокот на достасување, износот на субординираниот инструмент се дисконтира за 20% секоја година. Во последната годината пред рокот на достасување или исплата, субординираниот инструмент не се вклучува во пресметката на сопствените средства. |
| | Извештај за **Сопствени средства со состојба 30.06.2013** |
| Износот и компонентите на дополнителниот капитал, кој, согласно со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, може да биде дел од сопствените средства на Банката | Извештај за **Сопствени средства со состојба 30.06.2013** |
| Видот на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал и нивниот износ | Извештај за **Сопствени средства со состојба 30.06.2013** |
| Висината на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, утврден согласно Методологијата за утврдување на адекв. на капиталот,прикажан одделно за билансните и вонбилансните ставки | Вкупниот капитал потребен за покривање на кредитниот ризик изнесува 98,543 илј.денари<br><br>Вкупниот капитал потребен за покривање на кредитниот ризик за билансните ставки изнесува 91.017 илј.денари<br><br>Вкупниот капитал потребен за покривање на кредитниот ризик за вонбилансните стравки изнесува 7.526 илј. денари |
| Висината на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик утврден согласно Методологијата | Капиталот потребен за покривање на валутниот ризик изнесува 592 илј. денари |

| | |
|---|---|
| за утврдување на адекватноста на капиталот | |
| Висината на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик | Капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик изнесува 6.809 илј. денари |
| Висината на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цената на стоките | – |
| Висината на капиталот потребен за покривање на пазарните ризици, при што одделно се прикажува износот на:<br>- капиталот потребен за покривање на позицискиот ризик (кој ги вклучува генералниот и специфичниот ризик од вложувања во сопственички и должнички инструменти,<br>- капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/ испорака,<br>- капиталот потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна,<br>- капиталот потребен за покривање на надминувањето налимитите на изложеност<br>Капитал потребен за покривање на пазарните ризици од позиции во опции | – |
| Висината на капиталот потребен за покривање други ризици, доколку банката по сопствена оценка утврдила дополнителен износ на капитал потребен за покривање на тие ризици, или доколку НБРМ утврдила дополнителен износ на потребен капитал, заради природата, видот и обемот на активностите коишто ги извршува банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности | – |

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на сопствените средства и висина на адекватноста на капиталот со состојба на 30.06.2013 | Сопствени средства 312.795 илј. денари<br>Адекватност на капиталот 24 % |
| **4. Податоци за процесот на управување со ризиците** | |
| Стратегии и процеси на управување со секој поединечен ризик | Стратегијата за превземање и управување со ризици базира на активно управување со разните видови ризици кои произлегуваат од финансиските активности на Банката, со цел минимизирање, односно ублажување на истите.<br>При тоа Банката воспоставува систем за управување со ризиците кое е соодветно на Законот за банките и Одлуката за управување со ризиците пропишана од НБРМ.<br>Основна цел на Капитал Банка е да ја креира својата рамка за управување со ризиците во зависност од нејзиниот ризичен профил, расположливата инфраструктура и професионалната корпоративна култура.<br>Кредитниот ризик е ризик на кој Банката е најинтензивно изложена во вршењето на своите тековни деловни активности.<br>Стратегија на Банката е да го подобри квалитетот на кредитното портфолио, односно да ја намали неговата ризичост.<br>За таа цел, при одобрување на кредитите, Банката врши распоред на кредитирањето на солвентни комитенти (население и правни лица) при што води сметка за кредитоспособноста на населението, односно бонитетот на правните лица, ја оценува нивната ликвидност и квалитетот на инструментите за обезбедување на наплата на побарувањето.<br>При управувањето со ликвидносниот ризик, основна цел на Банката е одржување на ликвидносната позиција во рамките на законско дефинираните стапки на ликвидност до 30 и 180 дена (во денари и во девизи), усогласувањето на договорната рочноста на средствата и изворите на средства, одржувањето на интерно дефинираните ликвидносни показатели и нивно следење на дневна основа.<br>Банката со особено внимание го следи ликвидносниот показател за високоликвидната актива во однос на вкупните обврски на Банката со цел активно управување на потенцијалниот ризик од концентрацијата на депозитите кај корпоративните клиенти, состојба која е присутна кај поголем број банки во Македонија.<br><br>За целите на управувањето со валутниот ризик на кој е изложена во текот на своето работење, Банката ги контролира сите активности и трансакции кои, во билансната и вонбилансната евиденција на Банката се евидентирани во девизи и во денари индексирани со девизна клаузула и го мери ефектот врз приходите и расходите од своето работење во девизи и во денари со девизна клаузула на дневна основа по секоја одделна валута.<br><br>Ограничувањето на изложувањето на Банката на валутен ризик се спроведува преку интерно дефинираните лимити за износот на отворената кратка и долга девизна позиција по одделни валути, како и на агрегатната девизна позиција во однос на сопствените средства на |

| | |
|---|---|
| | Банката.<br><br>Банката ја одржува изложеноста на <u>каматен ризик</u> на најниско можно ниво со активно управување и следење на структурата на каматночувствителната актива и каматночувствителната пасива, како и со следење на просечните пондерирани активни и пасивни каматни стапки.<br>Следењето, мерењето и управувањето на останатите видови ризици: пазарен ризик, оперативен ризик, правен ризик, ризик од користење услуги од надворешни лица, репутациски ризик и стратегиски ризик, банката го врши во согласност со минималните регулаторни стандарди пропишани од НБРМ и со Стратегијата на банката за управување со ризиците. |
| Структура и организација на функцијата на управување со ризици | Организациска структура на процесот на управување со ризиците одговара на соодветниот развој и финансиските активности што ги врши Банката при спроведувањето на својот деловен план.<br>Организацијата на системот за управување со ризиците се воспоставува преку следните хиерархиски нивоа:<br><br><u>Стратешко ниво</u> – функцијата за управување со ризиците се остварува од страна на членовите на Надзорниот Одбор и Управниот одбор, при што еден од членовите на Управниот одбор директно ќе одговара за функционирањето на посебниот организациски дел надлежен за следење и управување со ризиците.<br>Во ова ниво се вклучува и Одборот за управување со ризици;<br><br><u>Макро ниво</u> – функцијата на управување со ризиците се остварува преку посебниот организациска единица надлежна за следење и управување со ризиците.<br>Во ова ниво се вклучува и сегашниот Одбор за управување со ликвидносен ризик.<br><br><u>Микро ниво</u> – ги вклучува лицата со посебни права и одговорности, кои раководат со деловни единици и други лица кои во секојдневното работење превземаат ризици, согласно со процедурите за работа и системите за внатрешна контрола во организациските делови и единици.<br><br> |




Органите на Банката инволвирани во системот на управување со ризиците ги вршат следните активности:

Надзорен одбор:

- ја одобрува Стратегијата за превземање и управување со ризици и го следи нејзиното спроведување;
- ги одобрува политиките за превземање и управување со ризици и го следи нивното спроведување;
- ја оценува соодветноста на донесената стратегија и политики најмалку на годишно ниво, согласно со профилот на ризичноста, видот и обемот на финансиските активности кои ги врши Банката;
- ги разгледува извештаите за профилот на ризичност на Банката;
- ги одобрува лимитите на изложеност на поделни видови ризици;
- обезбедува услови и ја следи ефикасноста на внатрешната контрола како составен дел на системот за управување со ризици;
- одобрува воведување нови производи кои имаат значајно влијание врз профилот на ризичност на Банката;
- други активности

Одбор за управување со ризици:

- ја воспоставува и спроведува стратегијата за превземање и управување со ризиците;
- ги воспоставува и спроведува политиките за превземање и управување со ризиците и дава предлози за нивно ревидирање;
- ги воспоставува процедурите и начинот на вршење на стрес тестирање;
- ја воспоставува политиката за користењето на услуги од надворешни лица;
- редовно го оценува системот за управување со ризиците;
- врши анализа на извештаите за изложеноста на банката на поодделните ризици, како и извештаите за профилот на ризичност на банката;
- одредува и редовно ги ревидира лимитите на изложеност на поодделни видови ризици;
- ги дефинира евентуалните исклучоци во однос на дефинираните лимити и доверувањето на одговорноста за одлучување за примена на тие исклучоци;
- други активности

Управниот одбор:

- ги воспоставува и ги спроведува соодветните процедури за идентификување, мерење или оценка, следење, контрола или намалување на ризиците;
- го воспоставува информативниот систем, како и системот за

известување на Надзорниот одбор и Одборот за управување со ризиците, во врска со евентуалните надминувања на пропишаните лимити на изложеноста на одделните ризици;
- обезбедува услови за ефикасно спроведување на процесот за управување со ризиците, вклуќувајќи и соодветно и навремено информирање на сите вработени во банката вклучени во процесот на управување со одделните ризици;
- воспоставува процедура за воведување на нов производ или систем во банката;
- воспоставува процедури за користење услуги од надворешни лица;
- други активности

Секторот за управувањето со ризици,
- соодветно мерење или оценување, следење, контролирање или намалување на сите материјални ризици;
- соодветно спроведување на политиките и процедурите за управување со ризиците во банката;
- редовно следење на лимитите на изложеноста на поединечните ризици;
- утврдување и редовно следење на ризичниот профил на Банката;
- редовно известување на Одборот за управување со ризици и останатите органи на Банката за изложеноста на банката на поодделни ризици и нејзиниот профил на ризичност.

Одбор за управување со ликвидносен ризик
Одборот за управување со ликвидносен ризик се состанува еднаш месечно, а по потреба и почесто за разгледување на тековната состојба на ликвидносниот ризик и по потреба донесува одлуки во однос на управувањето со ликвидносниот ризик на Банката или доставува препораки до Управен Одбор, на тој начин што:
- разработува систем за следење и контрола на ликвидносниот ризик на Банката и се грижи за негово усовршување и усогласеност со законските прописи;
- го креира и го ажурира извештајот за паричните текови согласно одредбите на НБРМ;
- ги следи извештаите за средства и нивната концентрација;
- го следи воспоставувањето и одржувањето на адекватна рочна структура на активата и пасивата;
- превзема мерки или препорачува на Управниот одбор да се превземат соодветни мерки за одржување на адекватно ниво на ликвидност;
- утврдува конкретни интерни ликвидносни показатели и да ги следи истите;
- разработува и спроведува план за работа на Банката во вонредни услови;
- остварува целосна контрола на управувањето со ликвидносниот ризик на Банката.

Служба за Внатрешна ревизија
Службата за внатрешна ревизија е назависна организациона единица која известува директно до Надзорниот одбор и извршува независни и објективни ревизии во Банката. Внатрешната Ревизија го оценува и

CAPITAL BANK
FINANCIAL INNOVATION

| | |
|---|---|
| | дава непристрасни уверувања и совети на Надзорниот и Управниот одбор во врска со ефикасноста на системите за внатрешна контрола, оптималното управување со оперативни ризици и придржувањето на законската регулатива.<br>Согласно со годишниот план за внатрешна ревизија, оваа организациона единица врши ревизија на работењето на организационата единица за управување со ризици.<br><br><u>Служба за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите</u><br>Оваа организациона единица има за цел да спречи било каква намерна или ненамерна несообразност со применливата законска регулатива, стандарди, кодекси и внатрешни правила. Исто така, врши обезбедување на законитост во работењето, преку независно следење, контрола, проценка и известување за изложеноста на банката на ризиците од неусогласеност со законската регулатива и регулаторни барања.<br><br><u>Одговорно лице за сигурност на информативниот систем (ОСИС)</u><br>Управува со сигурноста на информативниот систем и ја координира ефикасната примена на Политиката за сигурност на ИС на ниво на целата Банка. |
| Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно известување | Функцијата управување со ризиците на Банката се состои од следните основни елементи:<br>- Идентификување на ризиците- односно определување на суштината и опис на ризиците на кои е изложена Банката во своето работење,<br>- Мерење, односно проценка на ризиците - методологија за мерење на ризиците и обезбедување на излезни податоци потребни за носење на одлуки поврзани со управување со ризиците,<br>- Политики и процедури за управување со одделни видови ризици – писмени правила и процедури за управување со ризиците, донесени од Управниот одбор и одобрени од Надзорниот одбор на Банката,<br>- Анализа и мониторинг (следење) на ризикот - обезбедување на услови за функционрање на Банката во рамките на определените правила и процедури, односно контролни активности врз запазувањето на определените лимити, истражување и третирање на нарушувањата и сл.,<br>- Извештаи и информирање- внатрешно известување за ризикот, известување на органите во функцијата управување со ризиците,<br>- Финансирање на ризикот- обезбедување на адекватно ниво на сопствени средства потребни за покривање на потенцијалните загуби од превземените ризици. |
| Политики за заштита и намалување на ризикот, како и процедурите за следење на ефикасноста на | Банката има воспоставено политики за управување со секој идентификуван вид на ризик. Секоја од политиките се состои од следните елементи:<br>- оценка на капацитетот на банката за превземање на одделниот воид |

| | |
|---|---|
| извршувањето на овие политики | ризик,<br>- оценка на нејзиниот ризичен профил,<br>- организациската поставеност на функцијата за управување со ризик,<br>- прифатливи инструменти за заштита и/или намалување на ризикот,<br>- внатрешна контрола,<br>- воспоставување на интерен систем на лимити за изложеноста на Банката на одделни видови мерливи ризици, истите усогласени со законски регулираните лимити на изложеност,<br>- инкорпорирање на специфичните барања на законската регулатива кои не се веќе покриени со постоечките корпоративни/ деловни барања,<br>- имплементација и континуиран развој на информативната подршка на системот за управување со ризиците,<br>- оценка на потребната адекватност на капиталот на банката.<br>- заради оценка на потенцијалното влијание на еден или повеќе фактори на ризик (внатрешни и/или надворешни) врз нивото на сопствените средства и адекватноста на капиталот, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто, Банката врши стрес-тестирање. |
| 4.1. Податоци за управување со оперативниот ризик | |
| Основни податоци за пристапот кој Банката го користи за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик | За утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик Капитал банка го користи пристапот на базичниот индикатор. Базичниот индикатор претставува збир на позитивните и негативните позиции, остварени како резултат на редовното работење на банката и тоа:<br>- Приходи од камата;<br>- Расходи од камата;<br>- Приходи од дивиденда, освен приходите од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички вложувања;<br>- Приходи од провизии и надомести;<br>- Расходи од провизии и надомести;<br>- Приходи и расходи од позиции коишто се дел од портфолиото за тргување;<br>- Приходи и расходи врз основа на курсни разлики;<br>- Реализирани приходи и расходи од позиции коишто не се мерат по објективната вредност преку билансот на успех, доколку произлегуваат од позиции коишто се дел од портфолиото за тргување;<br>- Приходи и расходи од позиции за заштита на вредноста на другите позиции.<br>- Останати оперативни приходи.<br>Пресметката на базичниот индикатор се врши согласно пропишаната методологија на НБРМ, на годишна основа за периодот што завршува на крајот на финансиската година (31.12.). |
| 4.2. Податоци за управување со кредитниот ризик | |
| Опис на политиката за | |

| | |
|---|---|
| вршење исправка на вредноста и за издвојување посебна резерва | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Износ на изложеноста на кредитниот ризик, пред и по извршената исправка на вредноста, односно по издвоената посебна резерва | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Просечна изложеност на кредитен ризик со состојба 31.12.2012 и изложеноста по одделни категории на ризик | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Износ на достасани кредити со состојба на 31.12.2012 | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Износ на изложеностите на кредитен ризик за кои е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Секторска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик – изложеност кон банки, други финансиски институции, нефинансиски институции, домаќинства, држава, непрофитни институции кои им служат на домаќинствата, нерезиденти | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Резидуална договорна рочна структура на изложеноста на кредитен ризик (со рок на достасување до и над една година) | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Структура на изложеноста на кредитен ризик по дејности | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |
| Најголема изложеност кон одделна дејност во однос на кредитниот ризик односно:<br>- Износ на достасаните кредити<br>- Износ на изложеноста за која е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва<br>- Износ на извршената исправка на вредноста, односно издвоената посебна резерва за идентификуваните кредитни | Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012 |

| | |
|---|---|
| загуби од изложеноста кон дејноста | |
| Износ на преструктурираните побарувања согласно со Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните а ненаплатени побарувања на Банката | Износот на преструктуираните побарувања по кредити за правни лица изнесува 24.794.554 денари<br><br>Износот на преструктуираните побарувања по кредити за физички лица изнесува 2.368.585 денари |
| Движење на исправката на вредност односно издвоената посебна резерва во текот на периодот со состојба на 31.12.2012, односно:<br>- Состојба на почетокот на периодот,<br>- Извршена дополнителна исправка на вредноста, односно издвоена посебна резерва,<br>- Ослободување на исправката на вредноста, односно на посебната резерва ,<br>- Отписи во текот на периодот<br>- Состојба на крајот на периодот | **Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2012** |
| 4.3. Податоци за управување со пазарен ризик | |
| Структура на портфолиото за тргување по одделни видови финансиски инструменти со состојба 31.12.2012 година | Со состојба на 31.12.2012 год., Банката нема портфолио за тргување |
| Политиките кои ги применува банката за распоредување на одредена позиција во портфолиото за тргување или во портфолиото на банкарски активности | _ |
| 4.4. Податоци за ризик кој произлегува од капиталните вложувања (стекнување капитални делови) на Банката, кои не се дел од портфолиото за тргување | |

| | |
|---|---|
| Краток опис на стратегијата на Банката за стекнување на капитални делови во други правни лица со состојба на 31.12.2012 | Банката не планира стекнување на дополнителни капитални делови во други правни лица |
| Краток опис на политиката на Банката за сметководствено вреднување на капиталните вложувања со состојба на 31.12.2012 | *Признавање:*<br>Сопственичките хартии од вредност Банката почетно ги признава на датумот на тргување на кој што Банката станува странка на договорните одредби на инструментот.<br><br>*Класификација:*<br>Банката ја определува класификацијата на своите вложувања при почетното признавање со Одлука од Управен одбор и зависно од категоријата во која се класифицирани вложувањата во хартии од вредност, истите добиваат соодветен сметководствен третман. Банката ги евидентира вложувањата во хартии од вредност на датумот на тргувањето - датумот на којшто Банката се обврзува да ги купи или продаде средствата<br><br>*Почетно мерење:*<br>Вложувањата во хартии од вредност почетно се евидентираат по нивната набавна вредност која всушност ја претставува нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци кои се директно поврзани со набавката на соодветната хартија од вредност. Исклучок од ова се вложувањата во хартии од вредност кои се евидентираат по објективна вредност преку билансот на успех, за кои трансакционите трошоци се исклучени од мерењето по објективна вредност и веднаш се признаваат во билансот на успех<br><br>*Последователно мерење*<br>Зависно од класификацијата вложувањата во хартии од вредност последователно се мерат по објективна вредност или по амортизирана набавна вредност и тоа:<br><br>-Последователно мерење на објективната вредност<br>За утврдување на објективната вредност на вложувањата кои котираат на активен пазар се користи тековната куповна цена на хартијата освен кај вложувања кои немаат определена пазарна цена и чијашто објективна вредност неможе со сигурност да се измери, се мери според набавната вредност намалена за загуби поради оштетување.<br><br>-Последователно мерење според амортизираната набавна вредност<br>Амортизираната набавна вредност на вложувањата се утврдува со користење на методот на ефективна каматна стапка. Амортизираната набавна вредност на финасиското средство е износото според кој што финансиското средство било измерено при почетното признавање, намален за отплатите на главницата, плус или минус кумулативната амортизација на сите разлики помеѓу тој почетен износ и износот при достасувањето и минус сите намалувања за оштетување или |

| | |
|---|---|
| | ненаплатливост.<br>Метода на ефективна камата е метода на пресметување на амортизација користејќи ја ефективната каматна стапка на финансиското средство. Ефективна каматна стапка е стапката која точно го дисконтира очекуваниот тек на идни парични приливи или одливи за времетраењето на финансискиот инструмент.<br><br>*Загуби поради оштетувања*:<br>Доколку постои било каков доказ за оштетување Банката го проценува надоместливиот износ на вложувањето и тоа во согласност со Методоогијата за управување со кредитниот ризик и утврдување на критериуми за класификација на активните билансни и вонбилансни ставки според степенот на ризичност пропишана од НБРМ и признава загуба поради оштетување.<br>Доколку постои објективен доказ/индикатор за оштетување на вложувањата класификувани како расположиви за продажба, тогаш кумулативната нето загуба која била признаена директно во капиталот на Банката, треба да се отстрани од главнината и да се признае во билансот на успех за периодот и покрај тоа што вложувањето не е отпишано, во висина на проценетата загуба за оштетување. Износот на загубата кој треба да се отстрани од капиталот на банката и да се признае во билансот на успех е разликата помеѓу набавната вредност на средството (намалена за сите отплати на главница и амортизација) и тековната објективна вредност ( за сопственичките инструменти) или надоместливиот износ ( за должничките инструменти) кој ја претставува сегашната вредност на очекуваните идни парични текови дисконтирани според тековната пазарна каматна стапка на слично финансиско средство.<br>Доколку постои објективен доказ/индикатор дека Банката нема да ги наплати сите износи кои ги побарува по основ на вложувањата кои се чуваат до доспевање (главница и камата) тогаш се признава загуба поради оштетување. Износот на загубата е разликата помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на очекуваните идни парични текови, дисконтирани според оригиналната ефективна каматна стапка на средството (надоместлив износ). Износот на загубата се вклучува во билансот на успех за периодот. |
| Износ на капиталните вложувања и нивната класификација според видот, т.е. според тоа дали се работи за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои постои активен пазар или за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои не постои активен пазар со состојба на 31.12.2012 | Состојба на капитални вложувања за кои постои активен пазар се состои од влогови кај следните правни лица:<br>1. Алкалоид АД, Скопје 858 илј. ден.<br>2. Макстил АД, Скопје 231 илј. ден.<br>3. Макпетрол АД, Скопје 175 илј. ден.<br>4. Бетон АДГ, Скопје 194 илј. ден.<br>5. Гранит АДГ, Скопје 499 илј. ден. |
| Секторска структура на капиталните вложувања | Нефинансиски институции - 1.957 илј. ден. |

| | |
|---|---|
| (капитални вложувања во банки,  други финансиски институции, нефинансиски институции, нерезиденти) со состојба на 31.12.2012 | |
| Кумулативен износ на реализирани добивки (загуби) кои произлегуваат од отуѓувањето на вложувањата со состојба на 31.12.2012 | нема |
| Вкупен износ на нереализарни добивки (загуби) од капиталните вложувања со состојба на 31.12.2012 | Нереализарана загуба - 656.869 денари |